Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-1498/1
25-08-2022 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), во врска со Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 24.08.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

За измена и дополнување на Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите

СЕ ВРШИ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ во Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите бр. бр.02-1395/1 од 07.09.2021 година, така што:

- Во член 10 став 1 точка д), наместо „Нивото на сложеност на предметот претставува квантитативна мерка за сложеност меѓу 1 и 10 која зависи исклучиво од параметрите на судскиот предмет и горенаведените параметри", да стои: „„Нивото на сложеност на предметот претставува квантитативна мерка за сложеност меѓу 1 и 6 која зависи исклучиво од параметрите на судскиот предмет и горенаведените параметри".

- Во член 28 наместо:
„Едноставен – вредност 1,2,3,4;
Сложен – вредност 5,6,7,8;
Многу сложен – вредност 9,10„ да стои:
„Едноставен – вредност 1, 2;
Сложен – вредност 3, 4;
Многу сложен – вредност 5, 6„.

Измената и дополнувањето се составен дел од Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите и истите ќе бидат објавени на интернет страницата на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во останатиот дел Методологијата останува незименета.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Павлина Црвенковска**

Одобрил; Весна Толева